**Хрватската агенција „Уликс“, која организира вселенски туристички патувања, е единствената во Хрватска и во регионов и една од 35 агенции во светот што се акредитирани од компанијата „Вирџин галактик“, инаку, дел од големата британска корпорација „Вирџин“. Секој кој има 200.000 долари и желба да ја напушти Земјава барем на два и пол часа, ќе може да им се придружи на првите цивилни астронаути и да биде дел од историјата**




# Се бара првиот Македонец што ќе летне во вселената



Пишува | **Драгица Христова**
Фотографија | **Архива на „Уликс“**

Анѓелко Чалушиќ, Славен Бонковиќ и Тамара Будијак се тројцата акредитирани агенти за продажба на вселенски летови што ги организира „Вирџин галактик“, како дел од британската корпорација „Вирџин“. „Вирџин галактик“ е компанија која има цел да испраќа луѓе во вселената. Станува збор за проект што би требало да почне во 2011 година.

*- **Кога го проучувавме проектот, не го проучувавме на тој начин да го гледаме само профитот. Тие патувања се скапи и, веројатно, на почетокот мал број луѓе ќе имаат доверба да бидат дел од нив. Ако сè оди според планот, првото патување би требало да биде реализирано во 2011 година. Она што сега е во тек е резервирањето места*** - објаснува Анѓелко.

Формирана е една национална група со првите сто личности што ќе одат на пат во вселената. Оставено е место за личности од одредени земји кои би биле први на тоа патување од својата земја. На пример, ако некој сака да биде првиот Македонец и е подготвен да го плати тоа, се остава место за него во таа група. Кога ќе го уплати депозитот, тогаш никој друг од истата земја не може да дојде на листата пред него. Инаку, патувањето чини 200.000 долари. Летот трае вкупно два и пол часа. Од нив, четири минути се во бестежинска состојба. Кога летовите еднаш ќе почнат, редот на летање би бил многу редок. Конкретно, би се летало еднаш неделно или еднаш на две недели, а леталото може да превезува шест патници и двајца пилоти.

*- **Станува збор за летало што веќе било во вселената, значи, ова не е идеја, туку конкретна работа. Врз основа на конструкцијата на тоа летало, се изработува комерцијалното летало со кое ќе патуваат вселенските туристи. Досега, за патувањето уплатиле 300 луѓе. Се плаќа или дел од депозитот или целата сума, со тоа што доколку се уплати целиот депозит, се оди повисоко на листата на чекање. Во групата од првите сто се прави селекција за првите шест патници. Засега со сигурност се знае дека меѓу првите шест патници ќе биде Ричард Бренсон, основач на групацијата „Вирџин“, кој со својот пример сака да покаже дека станува збор за апсолутно безбедно патување. Меѓу првите патници треба да биде и Стивен Хокинг, најголемиот жив физичар, човекот кој ѝ ја приближи вселената на светската популација, еден од најголемите умови во претставувањето и во промоцијата на космосот и на некои законитости што тој ги носи. Овој професор по астрономија на „Кембриџ“ е тетраплегичар, се движи со количка, а комуницира служејќи се со компјутерска синхронизација на гласот, но и покрај тоа, најголема желба му е да отпатува во вселената. Меѓутоа, деновиве негова-***

## Перформанси на леталото

Кога леталото се враќа на Земјата, неговите крила можат да се поткренат за 90 степени. Тие го забавуваат и овозможуваат леталото под кој било агол да влезе во земјината атмосфера. При влегувањето назад во атмосферата, крилата се враќаат во аеродинамична положба и леталото се спушта како едрилица, без гориво. Што се однесува до сигурноста на самиот мотор, важно е да се нагласи дека тој може да биде исклучен во кој било момент. Контролата на дотекот на гориво не му е препуштена на случајот, туку е под контрола на пилотот.

*- Значи, ако се случи некој проблем при полетувањето и при лансирањето на леталото, тој може да го исклучи дотекот на гориво и може сигурно да слета како едрилица на земјата. Горивата се максимално прифатливи што се однесува до зачувување на средината и до загадувањето и тие горива многу помалку ѝ штетат на атмосферата. Кога ќе се покрене целата индустрија, нема да ја загадува атмосферата повеќе од просечен авион што го користи воздушниот простор* - објаснуваат Анѓелко и Славен.




***та здравствена состојба се влоши, па неговиот пат во вселената станува неизвесен. Меѓу првите патници ќе биде и човекот што го проектираше леталото, Бут Рутар, како и други познати луѓе на кои одењето во вселената ќе им биде точка на пресврт што ќе им помогне сето тоа што го проучувале за вселената да добие појасна слика.***

Во целиот проект голем акцент се става на сигурноста, па не може да се случи истиот да се забрзува на нејзина сметка.

***- На нашите простори ретко можете да најдете некој бизнисмен кој ќе застане зад она што го прави, како што е тоа во случајов со Ричард Бренсон. Особено, ако се земе предвид дека станува збор за проект на една од 200 фирми во корпорацијата „Вирџин“, значи, за 200-ти дел од компанијата на Бренсон*** - вели Анѓелко.

Досега, што се однесува до регионов, познат е и првиот Хрват што ќе патува во вселената. Тоа е сплитскиот бизнисмен Јурослав Буљубашиќ. Сè уште не се знае кој ќе биде првиот Македонец, Србин, Босанец. Анѓелко и неговите соработници ги повикуваат сите што се заинтересирани и сакаат да бидат дел од ова, да се обратат во нивната агенција „Уликс“ за да ги добијат сите потребни информации.

***- Ние сме овластени на секој заинтересиран да му дадеме максимални информации. Оние што побргу се одлучуваат, нормално, се луѓе што имаат пари, но и луѓе што веќе размислувале за таа идеја и што веќе сега живеат со полни гради, луѓе што уриваат бариери и препреки, што се активни, го сметаат животот за една голема авантура и на кои ова би им бил само логичен потег во животот*** - вели Анѓелко.

Во „Уликс“ веќе се јавуваат заинтересирани од Србија, а тие се подготвени, доколку има интерес, да дојдат и во Македонија и да ги дадат сите потребни информации.

***- Уплатите за патувањето одат директно на сметката на „Вирџин“. Ние ги поврзуваме „Вирџин“ и клиентот, а „Вирџин“ со целиот свој имот гарантира за безбедноста на летот и стои зад овој проект*** - велат од „Уликс“.

Инаку, проектот на „Вирџин галактик“ е еден историски проект, историски момент што ќе ја отвори ерата на вселенскиот туризам. Во овој регион, освен хрватската агенција „Уликс“, акредитирани агенти за продажба на вселенските летови има само уште во Чешка и во Австрија.

## Видик за кој се сонува

Летот ќе се одвива со вселенското летало „Спејшип 2“. Носачот е веќе направен, а направени се и неколку пробни летови. Вселенското летало би требало да го направи својот прв пробен лет годинава, наесен. Инаку, во 2004 година вселенско летало со помали димензии, „Спејшип 1“, веќе било трипати горе, на висина од 110 километри, што официјално се смета за почеток на вселената.

Од „Уликс“ за „1Е“ подробно опишуваат како се одвива летот и какво е чувството.

*„Летот до 50.000 стапки почнува во тишина и во исчекување. По одбројувањето ќе почувствувате сила што ќе ве залепи за седиштата, ќе го слушнете звукот на моторите, а забрзувањето што постигнува брзина трипати поголема од брзината на звукот, ќе ве исполни со единствено чувство на воодушевување. Додека летате до работ на атмосферата, низ прозорецот ќе забележите како бојата на небото се менува од сина во црна. Тогаш знаете дека доаѓате во вселената. Во моментот кога моторите ќе се згаснат, ќе ја забележите тишината, а гравитацијата ќе исчезне. Тогаш можете да се ослободите од седиштата и едноставно да лебдите до прозорецот за да го видите видикот за кој многумина само сонуваат. Едноставно, гледате во планета обвиткана со син плашт за која знаете дека е вашиот дом. По враќањето во седиштата и гравитацијата почнува да дејствува. Пилотот најавува враќање дома. По враќањето, знаете дека животот повеќе никогаш нема да биде толку мирен и спокоен“.*

## Ентузијасти без профит

Агенцијата „Уликс“ е основана во 2001 година и во меѓувреме станала една од водечките компании во авиосообраќајот во Хрватска. Од пред три години почнала и со организирање деловни патувања. Но, она што најмногу го радува Анѓелко Чалушиќ, основач на „Уликс“, и неговите најблиски соработници, е тоа што на 17 март годинава добиле акредитација за продажба на вселенските туристички летови на „Вирџин галактик“.

*- Пресудна беше нашата посета на канцелариите на оваа компанија во Лондон, каде што се најавивме, тропнавме на врата и рековме: „Иако сме од просторите на некогашна Југославија, вашата идеја за туристички патувања во вселената, едноставно, не смее да нè заобиколи и ние сме подготвени да направиме сè за да ја добиеме акредитацијата“. Тоа значеше дека не ни е важна провизијата, дека не ни се важни парите, туку единствено важно ни е да учествуваме во тој историски момент. Веќе направивме договор целиот профит што ќе го оствариме од патувањата да оди за детското СОС-село. Требаше само да го вложиме нашето време, ентузијазам, енергија и да се претставиме на начин со кој ќе ја добиеме нивната доверба дека можеме да се најдеме во нивните идеи и вредности и дека можеме да ги претставуваме во Хрватска и пошироко* - ни раскажа Анѓелко за тоа како тие се нашле во оваа приказна.





